### 3.2.2. Други расходи

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 2.795 илјади денари (2022 година – 2.104 илјади денари) и се однесува на исплатените средства по следните основи:

- провизија на платен промет, која опфаќа банкарска провизија за платен промет во деловните банки и трошоци за провизија на дознаки;
- дневници за службени патувања и патни трошоци, кои опфаќаат трошоци за патување во странство и во земјата и трошоци за ноќевање во земјата и во странство;
- надомест на трошоци на работници и граѓани, кој опфаќа други надоместоци;
- интелектуални и други услуги, опфаќа нотарски трошоци и услуги по основ на договор на дело и
- останати други расходи.

во 000 денари

| Опис | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| 1 | 3 | 2 |
| Провизија на платен промет | 38 | 26 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 651 | 267 |
| Надоместоци на трошоци на работници и граѓани | 104 | 79 |
| Интелектуални и други услуги | 1.741 | 124 |
| Останати други расходи | 261 | 48 |
| Пренесени средства на други субјекти | - | 1.561 |
| **Вкупно:** | **2.795** | **2.104** |

### 3.2.3. Капитални и други средства

Оваа позиција е проценета во износ од 1.302 илјади денари (2022 година – 65 илјади денари) која се однесува на набавка на деловен инвентар, моторни возила и набавка на друга опрема.

### 3.2.4. Плати и надоместоци на плати

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените средства за бруто плати за лица вработени во партијата, во вкупен износ од 3.265 илјади денари (2022 година 3.162 илјади денари). Заклучно со 31.12.2023 година во политичката партија се вработени 11 лица (10 лица се вработени во редовен работен однос во БЕСА, а 1 (едно) лице е вработено на определено време).

### 3.2.5. Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените средства по основ на даноци и придонеси, во вкупен износ од 370 илјади денари (2022 година – 204 илјади денари) а се однесува на платен персонален данок од договор на дело и закуп.

# 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Актива**

## 4.1. Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни сметки

### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 2.385 илјади денари (2022 година – 793 илјади денари) и се однесува на останатите парични средства на сметката за редовно работење 2.245 илјади денари и во благајна 141 илјада денари на ден 31.12.2023 година.

### 4.1.2. Други краткорочни побарувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 24 илјади денари (2022 година– 96 илјади денари) и се однесува на издвоени парични средства на платежна картичка која се користи за плаќање преку интернет.

### 4.1.3. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 23 илјади денари (2022 година– 23 илјади денари) и се однесува на АВР за неплатени обврски по основ на персонален данок и состојбата е усогласена со кореспондентната сметка Обврски спрема државата и други институции, за даноци и придонеси и други обврски (точка 4.3.2.)

## 4.2. Постојани средства

### 4.2.1. Нематеријални и материјални средства

Постојаните средства се проценети во висина од 1.955 илјади денари (2022 година – 1.905 илјади денари).

Состојбата и промените на материјалните и нематеријалните средства во 2023 година се прикажани во следната табела:

**ПРОМЕНИ КАЈ МАТЕРИЈАЛНИТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2023 ГОДИНА**

| Опис | Опрема | Други материјални средства (уметнички слики) | Нематеријални средства | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2023 | 3.789 | 55 | 1.281 | 5.126 |
| Набавки во текот на 2023 година | 1.364 | | | |
| **Вкупни зголемувања:** | 1.364 | - | - | 1.364 |
| **Вкупно намалување** | 1.230 | - | - | 1.230 |
| Продажба на возило | 1.230 | - | - | 1.230 |
| **Состојба на ден 31. Декември 2023** | 3.923 | 55 | 1.281 | 5.260 |
| **Исправка на вредност** | | | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2023 | 2.171 | | 1.050 | 3.221 |
| Амортизација за тековната година | 404 | | 157 | 561 |
| Амортизација на продадено возило | (477) | | | (477) |
| **Состојба на ден 31.Декември 2023** | 2.098 | - | 1.207 | 3.305 |
| **Неотпишана вредност на материјалните и нематеријалните средства 31.12.2023** | 1.825 | 55 | 75 | 1.955 |
| **Неотпишана вредност на материјалните и нематеријалните средства 31.12.2022** | 1.618 | 55 | 232 | 1.905 |

## 4.3. Пасива

### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 119 илјади денари (2022 година – 269 илјади денари) и се однесува на неподмирени обврски спрема добавувачите за тековното работење.

### 4.3.2. Обврски спрема државата и други институции, за даноци и придонеси и други обврски

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 23 илјади денари (2022 – 23 илјади денари) и обврски за даноци и придонеси под договор за дело и авторско дело. Кореcподентно на АВР.

### 4.3.3. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 2.291 илјада денари (2022 година – 309 илјади денари) и се однесува на вкупните парични средства намалени за обврските спрема добавувачи.

## 4.4. Извори на деловните средства

### 4.4.1. Деловен фонд

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 1.955 илјади денари (2022 година – 1.905 илјади денари) и се однесува на изворите на средства на деловниот фонд. Прометот во 2023 година се однесува на пресметана амортизација на постојаните средства.